# ЗАПИСНИК

од 15-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
28 февруари, 2023 г., Скопје

Присутни:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина  Македонски Брод), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

Дискусија:

На оваа седница Управниот одбор, со предложените дополнувања, го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Утврдување на мерки за следење на редовност на членовите на Управниот одбор на седниците на овој орган на ЗЕЛС;
2. Дискусија во однос на потребата од организирање на седниците на Управниот одбор во општините низ Републиката;
3. Одлука за утврдување на членовите на ЗЕЛС во лоби групата за родова еднаквост;
4. Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на форумските модератори во организација на ЗЕЛС;
5. Информација за доставената Предлог – Методологија за утврдување на висината на блок дотацијата за образование;
6. Одлука за отпис на основни средства во сопственост на ЗЕЛС;
7. Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на единиците на локалната самоуправа со сертификат за поволно деловно опкружување;
   во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ);
8. Одлука за располагање со ствар во сопственост на ЗЕЛС – (Корелатор за утврдување на истекувања од водоводната инфраструктура);
9. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Утврдување на мерки за следење на редовност на членовите на Управниот одбор на седниците на овој орган на ЗЕЛС

Управниот одбор отвори дискусија за утврдување на мерки за подобрување на редовноста на членовите на Управниот одбор на седниците на овој орган. Оваа иницијатива произлегува од евидентираната состојба кога одредени членови на овој орган на ЗЕЛС не се редовни, што го нарушува капацитетот на одлучување и квалитетот на расправата по прашањата кои се разгледуваат.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор ја задолжува стручната служба редовно да го известува овој орган за редовноста на членовите на Управниот одбор на одржаните седници, а Управниот одбор, согласно Статутот на ЗЕЛС, до Генералното Собрание ќе достави предлог за избор на нови членови на Управниот орган на местото на членовите кои не присуствувале на три последователни седници.

ВТОРА ТОЧКА: Дискусија во однос на потребата од организирање на седниците на Управниот одбор во општините низ Републиката

Заради непосредно запознавање со проблемите на општините низ Републиката, овој орган на ЗЕЛС е потребно да ја реафирмира праксата воспоставена во минатото, седниците на овој орган на ЗЕЛС да се одржуваат низ општините во Републиката. На овој начин, покрај генералните насоки и политики, членовите на Управниот одбор ќе имаат можност да се запознаат со прашањата кои се од големо значење за една или повеќе општини во определен регион.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор одлучи седниците на овој орган да се организираат низ општините во Републиката заради директно и непосредно запознавање со проблемите кои постојат во определен регион во нашата држава.

ТРЕТА ТОЧКА: Одлука за утврдување на членовите на ЗЕЛС во лоби групата за родова еднаквост

Управниот одбор беше информиран за спроведувањето на долгорочниот проект поддржан од UN Women кој помеѓу останатите активности предвидува и формирање на Лоби група за родова еднаквост која дополнително ќе се залага за постигнувањето на целите на проектот.

ОДЛУКА: Управниот одбор донесе Одлука со која за членови во лоби група за родова еднаквост поддржан од проектот на UN Women се избираат: г. Дарко Костовски, градоначалник на Општина Бутел и Костадин Костадинов, градоначалник на Општина Струмица, претседателките на општински совети на Општина Битола, Габриела Илиевска, Општина Крива Паланка, Изабела Павловска и Општина Струга, Арбереша Влаши. На една од предходните седници на Управниот одбор, избрани се, градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, градоначалникот на Општина Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски и градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на форумските модератори во организација на ЗЕЛС

Еден од условите за аплицирање за обезбедување на донации од страна на Швајцарската агенција за соработка и развој СДЦ е општината да има проведено процес на "Форуми во заедниците" преку ангажирање на модератор кој се стекнал со соодветни знаења за процесот и поседува сертификат издаден од ЗЕЛС во постапката која е уредена со акт.

Оттука е потребно да се уредат условите, начинот и подобноста на лицата за стекнување со сертификат но да се регулира цената која ќе се наплатува од страна на модераторите при реализација на активности во општините. Оттука беше предложено цената на надоместокот на сертифицираните модератори за општината да не биде повисока од 3000 денари за ден, а за сертификација ЗЕЛС ќе наплаќа цена од 6000 ден. за целиот процес на сертификација или ресертификација. Одлуката која ќе биде усвоена од страна на Управниот одбор ќе биде доставена до сите општини.

ОДЛУКА: Управниот одбор едногласно ја донесе Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на форумските модератори во организација на ЗЕЛС

ПЕТТА ТОЧКА: Информација за доставената Предлог – Методологија за утврдување на висината на блок дотацијата за образование.

До комисијата за следење на системот на фискална децентрализација од страна на Министерството за образование е доставена Предлог – Методологија со интегрирана нова формула за распределба на блок дотацијата за образование по општини. Претседателот на оваа Комисија, член на Управниот одбор на ЗЕЛС, градоначалникот на општина Радовиш го запозна Управниот одбор со деталите од Предлогот. Присутните беа известени дека оваа методологија не е усвоена, дека ЗЕЛС треба да изгради став во однос на истата и преку своите претставници во Комисијата кои се мнозинство во истата да предложи забелешки или да даде согласност на истата. Новата методологија треба да биде усвоена најдоцна до месец јуни оваа година.

Проблемите во образованието се големи, а последната деценија оди во надолна линија заради трендот на намалување на ученици, а зголемување на бројот на наставници, поради формирање на паралелки и со 15 ученици, организирање на настава за ученици од четири школски години истовремено, зголемени трошоци за организирање на превоз на учениците, недостаток на капитални инвестиции за подобрување на условите за настава, честа промена на наставните програми според разни модели итн. Целта е стратешки да се приближиме до минималните европски стандарди, преку процес кој би траел до 2027 година. Како пример беше посочен износот кој се извојува во нашата држава по ученик кој изнесува околу 1000 евра по ученик годишно, а за споредба Германија издвојува 7700 евра по ученик, Словенија околу 5000 евра итн. Структурата е исто така несразмерна со оглед дека 80 % од средствата се користат за плати на наставниот кадар, а само 13% се користат за трошоци поврзани со греење или превоз на ученици, додека останатите за други оперативни трошоци. Беше констатирано дека недостига развојна компонента и

дека мора да се преземат мерки за да се надмине ваквата штетна состојба во образованието.

Со предлогот се утврдува нова формула составена од 4 компоненти според европските норми, и тоа зголемување од сегашните 1000 евра средства по ученик на 1400 евра, па на овој начин да се достигнала барем Република Србија. Оттука државата треба со ребаланс да предвиди околу 5 милијарди денари кои етапно би се зголемувале во следните 5 години за да може да дојде до целосно балансирање на образовниот систем. Со предлогот се предвидуваат и 4 типови на училишта кои ќе носат определен коефициент за сразмерна распределба на дотациите по општини, но и за да се избегне состојбата која постои сега, а тоа е генерирање на средства кои не се потрошени во одредени општини, додека да се јават недостатоци кај други општини.
Буџетски, изразено во вредност, во моментот за образованието по овој основ се одвојуваат околу 13 милијарди денари, а со новата методологија до 2027 година би се обезбедиле околу 17 милијарди денари.

Во однос на капиталните инвестиции во образованието, во услови на постоење на дискреционо право на Министерствата самостојно да ги донесуваат плановите без утврдени критериуми за распределба по општини, туку по свое наоѓање, беше укажано на потребата ЗЕЛС да ги побара податоците за реализираните капитални инвестиции во образованието од софтверот кој е донација од Швајцарската агенција за соработка и развој – СДЦ кој е дониран на Владата по препорака на УНИЦЕФ.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор бара од Владата до ЗЕЛС да ги достави податоците за реализираните капитални инвестиции по општини заради увид, а во најкраток можен рок да се изготви и методологија за распределба на капиталните инвестиции по општини со јасни критериуми кои ќе ги одразуваат спецификите на сите општини, додека во однос на предлог – методологијата, Управниот одбор ја задолжува стручната служба на ЗЕЛС текстот на истата да го достави до сите општини заради нивни забелешки, а ставот на ЗЕЛС во однос на истата ќе биде утврден на следната седница на Управниот одбор.

ШЕСТА ТОЧКА: Одлука за отпис на основни средства во сопственост на ЗЕЛС

Во согласност со Закон, а исто така и врз основа на посебна одлука за формирање на Комисија за спроведување на попис на основните средства во сопственост на ЗЕЛС, дел од основните средства се амортизирани, имаат вредност нула и истите не се користат. Оттука, на Управниот одбор му се предлага да донесе одлука за отпис на основни средства врз основа на спроведен попис во ЗЕЛС.

Податоците и прегледите од спроведениот пописот и основните средства за кои се предлага отпис се составен дел од материјалите за оваа седница.

ОДЛУКА: Управниот одбор едногласно донесе Одлука за отпис на основните средства во сопственост на ЗЕЛС кои се амортизирани и имаат вредност “нула” според списокот доставен со материјалите за оваа седница.

СЕДМА ТОЧКА: Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на единиците на локалната самоуправа со сертификат за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ)

Присутните беа информирани дека постапката на сертификација ЗЕЛС ја спроведува од 2012 година согласно стандардите кои се спроведуваат во целиот регион. Процесот се спроведува во неколку фази од кои фазите на евалуација на состојбите кога се изготвува предлог за потребни активности кои треба да се преземат заради исполнување на критериумите, а потоа и преку независна верификација по што следи издавање на Сертификат за поволно деловно опкружување – БФЦ ЈИЕ.

До сега во нашата држава се сертифицирани 7 општини вклучително и градот Скопје, а за ресертификација е пријавен само Градот Скопје. Општините кои се стекнале со овој сертификат се дел од промотивните регионални настани, а постои и тесна соработка со деловната заедница која се очекува да го вреднува постоењето на сертификатот кој треба да и овозможи поволни услови за водење на деловни активности. Сертификатот има важност од 3 години по што постои процес на ресертификација.

На Управниот одбор му се предлага да донесе Одлука за начинот условите и висината на надоместокот кој општините ќе ја платат за процесот на сертификација со БФЦ ЈИЕ Сертификатот.

ОДЛУКА: Управниот одбор едногласно донесе Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на единиците на локалната самоуправа со сертификат за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ).

ОСМА ТОЧКА: Одлука за располагање со ствар во сопственост на ЗЕЛС – (Корелатор за утврдување на истекувања од водоводната инфраструктура)

Во 2005 година од страна на УСАИД обезбедена е донација на корелатор – уред за утврдување на истекувања на вода од водоводната инфраструктура со која ЗЕЛС располагаше на начин што истиот го даваше на еднократно користење на јавните водоснабдителни претпријатија. Од причина што овој уред би имал поголема ефикасна примена доколку со него располага АДКОМ, основано од истите претпријатија, на Управниот одбор му се предлага да донесе одлука со која истиот ќе се пренесе во сопственост на оваа организација со која ЗЕЛС има долгогодишна соработка.

ОДЛУКА: Управниот одбор едногласно донесе Одлука за располагање со ствар во сопственост на ЗЕЛС – (Корелатор за утврдување на истекувања од водоводната инфраструктура) и истата ја пренесува во сопственост на АДКОМ.

ТОЧКА РАЗНО:

1. Дискусија во однос на организиран систем на обука за административните службеници во локалната самоуправа.

Присутните отворија дискусија за постоење на организиран систем на обуки со оглед на праксата дека најголемиот дел од обуките се организираат од страна на субјекти кои наплатуваат високи цени за обука на административните службеници, а се тоа во услови кога со Закон органите на управата се должни да организираат форма на пренесување на знаење од аспект на примената на прописите кои се донесуваат на нивна иницијатива како овластени предлагачи и како органи кои се задолжени за следење на примената на прописите.

Членовите на Управниот одбор беа информирани дека огромен број на административни службеници следи обука организирана од страна на ЗЕЛС Тренинг Центарот – ЗТЦ, дека оваа обука се организира врз основа на годишен план за обуки кој пред да биде усвоен е консултиран со сите општини кои ги соопштуваат сопствените потреби за обука. Овој процес на утврдување на годишниот План за обука е во процес на изработување и истиот како нацрт е доставен до сите општини во државата.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС ја задолжува стручната служба да изврши дополнителна консултација со општините и да ги информира за можностите кои обуки може да се спроведат преку ЗЕЛС Тренинг Центарот заради намалување на расходите на општините по основ на тековна обука и јакнење на капацитетите на општинската администрација.

2. Дискусија во однос на спреченоста на општина Македонски Брод да донесува урбанистичко - планска документација

Градоначалникот на општина Македонски Брод ги запозна членовите на Управниот одбор со проблемот настанат поради донесените водостопански основи и Планот за управување со речните сливови заради изградба на брана на подрачјето на повеќе населени места на подрачјето на општина Македонски Брод. Станува збор за изградба на браната “Калуѓерица” која е предвидена со водостопанските основи за периодот 2004 до 2020 година, на кота од 530 м. надморска височина, со која се опфаќа подрачје од 27 населени места, вклучително и “Слатинските пештери” како природно наследство, а се планира да се потопи и регионалниот пат преку Јасен до Скопје. Оваа брана не се гради, а во постапките на донесување на урбанистички планови нејзиното планирање претставува пречка за добивање на согласност во постапката. Општината направи напор дури да бидат обезбедени и изјави од потенцијални инвеститори кои би изградиле објект на урбанизирано подрачје дека нема да побаруваат надомест на штета или надомест за експропријација во случај на изградба на браната во иднина.

Општината бара од Управниот одбор на ЗЕЛС да се заложи и да ја поддржи општината преку поддршка на барањето за промена на водостопанските основи и промена на планот

за управување со речните сливови на ова подрачје со кои бе се избришала планираната брана.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС смета дека барањето на општина Македонски Брод е основано со оглед дека со водостопанските основи и планот за управување со речни сливови е предвидена изградба на браната “Калуѓерица” која веќе 20 години не се реализира, а општината нема можност да го урбанизира подрачјето во сопствениот опфат заради развој и излегување во пресрет на потенцијалните инвеститори. Управниот одбор за ова упатува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за разгледување и уважување на барањето на општина Македонски Брод..

3. Дискусија во однос на приоритетите за решавање во претстојниот период утврдени со Систематизираните ставови на ЗЕЛС:

Управниот одбор отвори дискусија за приоритетите за непосредно решавање на проблемите утврдени со Систематизираните проблеми на општините, заради ефикасност, односно доколку Управниот одбор се посвети на решавање на сите прашања одеднаш не се очекува голема ефикасност.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор ги задолжи членовите за следната седница на овој орган да излезат со приоритетните проблеми на општините кои Управниот одбор би се заложил да бидат решени во што пократок рок, а истите ќе бидат разгледани и утврдени на наредната седница.

**Скопје 28 февруари, 2023 г.**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**